# Р Е Ф Е Р А Т
# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ ЗВАЊА ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ДЕНТАЛНА ПАТОЛОГИЈА, РЕСТАВРАТИВНА СТОМАТОЛОГИЈА И ЕНДОДОНЦИЈА (3.05.01.05) НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-66/5 и Решение бр. 2002-66/18, 2002-66/19, 2002-66/20 од 11.3.2025 година, донесена на 334. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 11.3.2025 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција, на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип во состав на:

- проф. д-р Ивона Ковачевска, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, претседател;
- проф. д-р Наташа Лонгурова, вонреден професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, член;
- проф. д-р Лидија Поповска, редовен професор за наставно-научната област дентална патологија, вработена на Стоматолошкиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Вечер“ и „Коха” од 15.2.2025 година и во предвидениот рок се пријави ас. д-р Верица Тонева Стојменова.

Врз основа на приложената документација од кандидатката, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки да му го поднесеме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Д-р Верица Тонева Стојменова е родена на 28 декември 1991 година во Штип. Основното образование го завршува во ОУ „Тошо Арсов“ во Штип, со континуиран одличен успех (5,00). Потоа, средното гимназиско образование го завршува, исто така, во родниот град во СОУ „Славчо Стојменски“ со 5,00 успех. Интегрираниот прв и втор циклус студии го завршува на Студиската програма стоматологија на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, во предвидениот рок (2010-2015). Поради највисок просек 9,61 во генерацијата е избрана за студентски престој во Самара, на Государственного Медицинского Университета во Русија. Исто така, како првенец на генерацијата добива Пофалница и Награда за најуспешен студент од Стоматолошката комора на Македонија.

Дипломира со тема *„Антибиотска самомедикација кај стоматолошки пациенти“* на 14.9.2015 г., со што се стекнува со звање

дипломиран доктор стоматолог, а со активна лиценца за работа се стекнува наредната година.

По завршувањето на студиите започнува да работи како стручњак од пракса на студиската програма Стоматологија и забен техничар-протетичар на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, каде што во 2019 година е избрана во соработничко звање асистент.

Во период од 2018 до 2022 година завршува специјалистички студии, каде што на 28.4.2022 год. успешно го положува специјалистичкиот испит и се стекнува со звање **специјалист по ендодонција и реставративна стоматологија**.

Третиот циклус студии – докторски студии го завршува (2021-2024) на Стоматолошки факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, со висок успех (**просек 10.00**).

На 1.11.2024 г. успешно и со пофалби ја одбранува докторската дисертација „*Анализа на фрактурна резистенција и стрес дистрибуција кај заби обработени со ендодонтски инструменти со различен коницитет*“ и се стекнува со звање **доктор по стоматолошки науки - дентална патологија.**

За време на целиот овој период таа ги покажува своите организациски способности во организирањето на симпозиуми, работилници, како и изготвување на елаборати и експертизи, а професионално се усовршува со посета на бројни курсеви, симпозиуми, работилници, конференции и конгреси, како во државата така и надвор од неа.

Општи и посебни услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во доцент, согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, наставно-стручни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип.

**Општи услови за избор:**

1. Остварен просечен успех од интегриран прв и втор циклус студии **9,61,** студиска програма Стоматологија, Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев” во Штип; **најдобар студент на генерација** Завршена специјализација од **областа ендодонција и реставративна стоматологија**;
2. Д-р Верица Тонева Стојменова **е доктор по стоматолошки науки**, а нејзината научноистражувачка работа е од областа на **дентална патологија** (просечен успех за време на трет циклус студии **10,00**);
3. Со Одлука бр. 2002-179/16 од 30.9.2019 година, донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, е избрана за асистент во научната област ендодонција на Факултетот за медицински науки во период од 3 (три) години. Рефератот од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 242 од 15.11.2019 година;
4. Со Одлука бр. 2002-167/15 на 279. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 7.6.2022 година, е избрана за соработник асистент во научната област ендодонција на

Факултетот за медицински науки за период од 3 (три) години. Реферат од Рецензентската комисија за овој избор е објавен во „Универзитетски билтен“ бр. 303 од 15.7.2022 година;

5. Објавени најмалку четири научноистражувачки трудови во соодветната научна област во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во последните пет години:

| Бр. | Автор | Наслов на трудот | Списание | Години на излегување на списанието |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Toneva Stojmenova, Verica** and Popovska, Lidija and Kovacevska, Ivona and Mladenovski, Marko and Apostoloski, Pavle and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Arsovski, Ljupka and Atanasova, Sandra and Gjorgjievski, Ljupcho | *Endodontic treatment as a risk factor affecting the tooth strength* | Arch Pub Health | 16 |
| 2. | **Toneva Stojmenova, Verica** and Popovska, Lidija and Kokalanov, Vasko and Toneva Nikolova, Aleksandra and Apostoloski, Pavle | *In vitro evaluation of fracture resistance of endodontic treated teeth* | Acta Stomatologica Naissi | 39 |
| 3. | **Toneva Stojmenova, Verica** and Popovska, Lidija and Kokalanov, Vasko | *Relationship between endodontic taper and fracture resistance of tooth* | Journal of Morphological Sciences | 12 |
| 4. | Mladenovski, Marko and Popovska, Mirjana and Aleksovska, Dushica and Petrovski, Mihajlo and Bexheti Zendeli, Lindita and Spasovski, Spiro and Gjorgovska Spasovska, Ana and **Toneva Stojmenova, Verica** | *The role and the function of cannabis oil (KANOIL) in the treatment of pain in oral mucositis* | Apolonia - Journal of dentistry, 24 (48-49) | 26 |
| 5. | **Toneva Stojmenova, Verica** and Kovacevska, Ivona and Longurova, Natasa and Popovska, Lidija and Redzepi, Isni and Rogoleva Gjurovski, Sonja | The usage of FEA (finite element analysis) in shaping with endodontic instruments: review | Knowledge - International Journal, Invited Scientific Papers | 16 |
| 6. | Longurova, Natasa and Kovacevska, Ivona and Zlatanovska, Katerina and Naskova, Sanja and **Toneva Stojmenova, Verica** | *Cracked tooth syndrome* | Journal of Hygienic Engineering and Design (JHED) | 13 |

6. Кандидатката приложила **Сертификат за владеење на англиски јазик.**

7. Ангажирана е во наставно-образовниот процес во областа на студиските програми Дентална медицина и Забни техничари-протетичари. Активно учествува во организација на научни симпозиуми од страна на Факултетот за медицински науки. Исто така се вбројува како ментор на повеќе студентски теми, презентирани на бројни домашни и интернационални студентски конгреси.

**Посебни услови:**

1. Кандидатката д-р Верица Тонева Стојменова учествува во два научноистражувачки проекти како истражувач со значајни достигнувања во примената на научноистражувачките резултати и тоа во следниве:

- Kovacevska, Ivona and Longurova, Natasa and Atanasova, Sandra and Toneva Stojmenova, Verica and Arsova, Natasa (2020) *Употреба на хлорхексидин во реставративната стоматологија и ендодонција.*
- Kovacevska, Ivona and Papakoca, Kiro and Petrovski, Mihajlo and Longurova, Natasa and Arsova, Natasa and Kitanovska, Emilija and Toneva Stojmenova, Verica and Toneva Nikolova, Aleksandra (2017) *Процена на корелацијата на реналната калкулоза со забниот камен.*

2. Кандидатката била ментор на Првиот и Вториот интернационален студентски конгрес на дентална медицина на Факултетот за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев” - Штип. Исто така, активно учествува со работилници на Првата и Втората летна школа во организација на студентите на Дентална медицина на Универзитет „Гоце Делчев”.

3. Кандидатката е коавтор на еден позитивно рецензиран учебник и еден позитивно рецензиран практикум, објавени во е-библиотека на УГД и тоа:

- Longurova, Natasa and Kovacevska, Ivona and Atanasova, Sandra and Toneva Stojmenova, Verica and Arsova, Natasa (2020) *Практикум по клиничка кариологија 2*
- Naskova, Sanja and Toneva Stojmenova, Verica and Rogoleva Gjurovski, Sonja (2024) *Дентална трауматологија.* Универзитет „Гоце Делчев“, Факултет за медицински науки, Штип. ISBN 978-608-277-086-4.

4. Кандидатката има доставено и две препораки од професори од дадената наставно-научна област - дентална патологија, реставративна стоматологија и ендодонција.

**Наставно-образовна и научноистражувачка дејност**

По дипломирањето, во 2015 година д-р Верица Тонева Стојменова, поради нејзината квалитативна работа и способност, како и највисокиот просек на генерација е избрана и ангажирана како стручњак од пракса на Факултет за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за реализација на практични вежби на студиските програми Дентална медицина и Забни техничари-протетичари, за предметите: *Клиничка кариологија 1, Претклиничка кариологија, Претклиничка ендодонција, Орално здравје, Орално здравје во бременост, Мобилна протетика (парцијална и торална протеза), Медицинска етика, Менаџмент во стоматологија и Орална патологија со пародонтологија.*

Во меѓувреме нејзината научна работа произлегува со резултат т.е. втора награда за најдобра постер-презентација на International Symposium “Current archievements and future perpectives in medical and biomedical research” на 24.11.2015 година.

Со Одлука бр. 2002-179/16 од 30.9.2019 година, донесена на 230. седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки, одржана на 30.9.2019 година, и Реферат од Рецензентска комисија за овој избор објавен во Универзитетски билтен број 242 на 15.11.2019 год., д-р Верица Тонева Стојменова е избрана во соработник асистент по ендодонција, во времетраење од 3 (три) години.

Од овој период до 15.7.2022 год. учествува во реализација на практичната настава на студиската програма Дентална медицина на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, по следниве предмети: Претклиничка кариологија, Претклиничка ендодонција, Клиничка кариологија 1 и Клиничка кариологија 2.

Во меѓувреме кандидатката научно и стручно се развива со посета на бројни курсеви.

На 20.9.2021 год., кандидатката учествува на курс „Теорија и пракса за решавање на проблемите при ендодонтска терапија" под раководство на проф. д-р Лидија Поповска.

На 20.11.2021 год., д-р Верица Тонева Стојменова одржува предавање како поканет предавач на 10 симпозиум со меѓународно учество во организација на Универзитет „Гоце Делчев" - Штип, со наслов „Инфекции во секојдневната стоматолошка пракса - новини во дијагностиката, третманот и превенцијата", со тема „Антибиотска самомедикација кај стоматолошките пациенти".

На 27.12.2021 год. активно учествува на ендодонтски курс, одржан од страна на д-р Фитим Шабани (Fitim Shabani) - претставник на Style Italiano Endodontics.

Со Одлука бр.2002-167/15, донесена на 279. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 7.6.2022 година, и Реферат од Рецензентската комисија, објавен во Универзитетски билтен број 303 на 15.7.2022 год., кандидатката д-р Верица Тонева Стојменова е избрана во асистент по ендодонција, во период од 3 (три) години, со што ги држи практичните вежби по: *Претклиничка кариологија, Претклиничка ендодонција, Клиничка кариологија 1, Клиничка кариологија 2, Клиничка ендодонција 1, Клиничка ендодонција 2, Стоматолошки материјали, Стоматолошки материјали 1 и Стоматолошки материјали 2.*

Во септември 2023 година активно учествува на две интернационални работилници од областа и тоа: „New paradigms in retreatments" и „Teach me how to master warm vertical compaction" во склоп на меѓународниот 2nd Style Italiano Congress во Атина, Грција.

На 11.11.2024 година добива Признание за научен придонес од Универзитет „Гоце Делчев" - Штип за 2023 година.

Д-р Верица Тонева Стојменова досега има објавено вкупно 28 труда in extenso во домашни и меѓународни списанија, активно учествува на домашни и меѓународни конференции, симпозиуми, конгреси и промоции, а исто така и стручно се усовршува низ бројни работилници и курсеви.

1. **Листа на научни трудови објавени во референтни научни публикации (научни списанија и зборници на рецензирани научни трудови презентирани на меѓународни академски собири), научни проекти и други научноистражувачки референци:**

Следниов список на објавени трудови (1-13) и активностите на кандидатката д-р Верица Тонева Стојменова се рецензирани при избор на асистент во „Универзитетски билтен“ бр. 242 од 15.11.2019 година (8 - 11 стр.) https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/16-20/2019/242/

1. Kocovski, Darko and **Toneva Stojmenova, Verica** and Dimova, Cena and Zlatanovska, Katerina and Naskova, Sanja (2017) *Oral hygiene level maintenance of dental medicine students.* Journal of Hygienic Engineering and Design, 20 (3). pp. 75-81. ISSN 1857- 8489

2. Naskova, Sanja and Atanasova, Sandra and **Toneva Stojmenova, Verica** (2017) *Prevention and dental treatment of patients with epilepsy.* International Journal Knowledge. ISSN 2545-4439

3. Kovacevska, Ivona and **Toneva Stojmenova, Verica** and Toneva Nikolova, Aleksandra and Atanasova, Sandra and Kocovski, Darko (2017) *Oral hygiene care for patients with gastrointestinal disease.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 20 (4). pp. 1913-1917. ISSN 1857-92

4. Longurova, Natasa and Kovacevska, Ivona and Denkov, Nikola and Zlatanovska, Katerina and **Toneva Stojmenova, Verica** (2017) *Дентални карактеристики кај булимични пациенти.* Knowledge in Practice. ISSN 2545-4439

5. Atanasova, Sandra and Naskova, Sanja and **Toneva Stojmenova, Verica** and Zlatanovska, Katerina (2018) *Oral health changes during pregnancy.* Knowledge – International Journal, 22 (5). ISSN 1857-923X, 2545-4439

**6. Toneva Stojmenova, Verica** and Naskova, Sanja and Atanasova, Sandra and Toneva Nikolova, Aleksandra (2018) *Oral health benefits of vitamin C.* Knowledge – International Journal, 22. ISSN 1857-923X, 2545-4439

7. Kocovski, Darko and **Toneva Stojmenova, Verica** and Zlatanovska, Katerina and Atanasova, Sandra and Longurova, Natasa and Rogoleva Gjurovski, Sonja (2018) *Denture Hygiene.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers, 23 (2). pp. 473-476. ISSN 1857-92

**8. Toneva Stojmenova, Verica** and Toneva Nikolova, Aleksandra and Naskova, Sanja and Atanasova, Sandra and Kovacevska, Ivona and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Kocovski, Darko (2018) *Risk factors associated with musculoskeletal disorders in dentistry.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439

9. Atanasova, Sandra and Kovacevska, Ivona and Nashkova, Sanja and **Toneva Stojmenova, Verica** and Zlatanovska, Katerina and Longurova, Natasa (2018) *Side effects of orthodontic treatment.* Knowledge, International Journal Scientific Papers. ISSN 1857- 92

10. Naskova, Sanja and Atanasova, Sandra and **Toneva Stojmenova, Verica** and Zlatanovska, Katerina and Arsovski, Ljupka (2018) *Dental care for children with autism.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439

11. Longurova, Natasa and Zlatanovska, Katerina and Kovacevska, Ivona and Denkov, Nikola and Atanasova, Sandra and **Toneva Stojmenova, Verica** (2018) *Знаења и ставови на родителите на 7-12 годишни деца во врска со потреба за интервенции на прв траен молар.* Knowledge - International Journal, Scientific Papers. ISSN 2545-4439

12. Rogoleva Gjurovski, Sonja and **Toneva Stojmenova, Verica** and Toneva Nikolova, Aleksandra and Kocovski, Darko and Atanasova, Sandra and Velkova, Ana (2018) *Употреба на вештачки коски и мембрани при третман на вилични коскени дефекти.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-92

13. Atanasova, Sandra and Kovacevska, Ivona and Naskova, Sanja and **Toneva Stojmenova, Verica** and Zlatanovska, Katerina and Longurova, Natasa (2018) *Oral higiene during orthodontic tretment.* Knowledge - International Journal, Scientific and Applicative Papers. ISSN 1857-92

Следниов список (14-19) на трудови и активности на д-р Верица Тонева Стојменова се евалуирани при избор на асистент во соодветната научна област во Рефератот објавен во Универзитетски билтен бр. 303 од 15.7.2022 година (18 - 21 стр.) https://www.ugd.edu.mk/documents/univerzitetski_bilten/ebilteni/21-24/2022/303/

14. Toneva Nikolova, Aleksandra and **Toneva Stojmenova, Verica** (2020) *Херпес зостер во тек на бременост - приказ на случај.* Medicus, информативен гласник на јавното здравство - Штип. ISSN 1857-5994 (In Press)

15. Longurova, Natasa and Kovacevska, Ivona and Zlatanovska, Katerina and Naskova, Sanja and **Toneva Stojmenova, Verica** (2021) *Cracked tooth syndrome.* Journal of Hygienic Engineering and Design (JHED). ISSN 1857- 8489 (In Press)

**16. Toneva Stojmenova, Verica** and Kovacevska, Ivona and Longurova, Natasa and Popovska, Lidija and Redzepi, Isni and Rogoleva Gjurovski, Sonja (2022) *The usage of FEA (finite element analysis) in shaping with endodontic instruments: review.* Knowledge - International Journal, Invited Scientific Papers, 50 (4). pp. 385-584. ISSN 2545-4439

17. Rogoleva Gjurovski, Sonja and **Toneva Stojmenova, Verica** (2022) *The benefits of using the socket shield technique in partial extraction therapy: an article review.* MEDIS-International Journal of Medical Sciences and Research, 1 (1). pp. 21-24. ISSN 2671-3497

**18. Toneva Stojmenova, Verica** and Rogoleva Gjurovski, Sonja (2022) *Periapical lesions: current modalities.* MEDIS-International Journal of Medical Sciences and Research, 1 (1). pp. 25-28. ISSN 2671-3497

**19. Toneva Stojmenova, Verica** and Toneva Nikolova, Aleksandra and Kovacevska, Ivona (2022) *Брахиогена циста за време на бременост - приказ на случај.* Medicus-информативен гласник на јавното здравство-Штип, 12 (32). pp. 30-31. ISSN 1867-5994

Листа на научни трудови и активности од остварената научноистражувачка дејност на д-р Верица Тонева Стојменова (од последниот избор до сега)

1.1. **Објавени трудови во целост-in extenso / full text**

1.1.1. **Трудови кои се однесуваат на областа**

**20. Toneva Stojmenova, Verica** and Popovska, Lidija and Kokalanov, Vasko and Toneva Nikolova, Aleksandra and Apostoloski, Pavle (2023) *In vitro evaluation of fracture resistance of endodontic treated teeth.* Acta Stomatologica Naissi, 39 (88). pp. 2671-2680. ISSN 1820-1202

**Евалуација на трудот: Главната цел на авторите во овој труд била да се воочи дали постои разлика меѓу фрактурната отпорност на забите кои се интакни и ендодонтски обработени и оптурирани заби. Исто така, да се воочи кој тип на фрактурни линии настанува кај едните и кај другите заби. Истражувањето се спровело кај екстрахирани еднокорени човечки заби, кои понатаму биле соодветно подготвени, поделени во групи и дел обработени и оптурирани со гутаперка и цемент, а дел останале интакни. Воочиле дека најчесто се случуваат комбинирани и мултипни фрактурни линии и кај едната и кај другата група заби. Притоа воочиле дека просечните сили на притисок на која настанува фрактурата е поголема кај интакните заби отколку кај ендодонтски третираните и оптурирани заби, а статистичката анализа не покажала сигнификантна разлика меѓу нив.** *Трудот има научно и стручно значење.*

21. **Toneva Stojmenova, Verica** and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Kovacevska, Ivona and Naskova, Sanja and Mladenovski, Marko and Arsovski, Ljupka (2023) *Biomechanical behavior of EndoSonics.* Second International Conference ETIMA 2023 - Conference proceedings. pp. 153-157. ISSN 978-608-277-040-6

**Евалуација на трудот: Ендосоник претставува ултразвучна обработка и иригација за ендодонтски третираните заби. Авторите преку литературниот преглед што го направиле во електронското пребарување на еминентни пребарувачи разгледале 104 научни трудови. Истражувачите утврдиле дека ендосоник како неинвазивен метод функционира преку процесот на вибрирање во гранични рамки од** 40 до 24 kHz. Ова е соодветно во стоматолошки рамки за остварување на обработка и дезинфекција на коренските канали. *Трудот има научно и стручно значење.*

22. **Toneva Stojmenova, Verica** and Popovska, Lidija and Kokalanov, Vasko (2023) *Relationship between endodontic taper and fracture resistance of tooth.* Journal of Morphological Sciences, 6 (1). pp. 149-155. ISSN 2545-4706

**Евалуација на трудот: Авторите преку ревијален преглед разгледуваат 84 научни трудови. Притоа воочуваат дали постои одредена поврзаност помеѓу големината на ендодонтскиот инструмент во промер и фрактурната резистенција на забот. Притоа иако постоел контрадикторен став во однос на тоа дали со зголемувањето на степенот на обработка се намалува фрактурната цврстина на забот, сепак литература едногласно докажала дека механичкото отстранување на забно ткиво кое се обработува со ендодонтските инструменти влијае врз цврстината на забите. Исто така, потенцираат дека кај ендодонтски третираните заби особено е битна стрес концентрацијата и дистрибуцијата на напрегањата која се пренесува по должината на забот.** *Трудот има научно и стручно значење.*

23. **Toneva Stojmenova, Verica** and Popovska, Lidija and Kovacevska, Ivona and Mladenovski, Marko and Apostoloski, Pavle and Rogoleva Gjurovski, Sonja and Arsovski, Ljupka and Atanasova, Sandra and Gjorgjievski, Ljupcho (2024) *Endodontic treatment as a risk factor affecting the tooth strength.* Arch Pub Health, 16 (2).

**Евалуација на трудот: Авторите преку in vitro истражување спроведено на екстрахирани еднокорени заби воочуваат дали ендодонтскиот третман конкретно инструментацијата влијае врз цврстината на забите. Притоа воочуваат дека главниот ризик-фактор кој влијае врз фрактурната резистенција на забите била ендодонтската инструментација. Воочиле дека интакните заби имале најголема стапка на цврстина. Помеѓу другите испитувани групи, констатирале дека подобра цврстина имаат групата на заби кои биле оптурирани со гутаперка и Endometason N, а најниски резултати имале ендодонтски третираните заби кои биле оптурирани и зајакнати со фиберглас колче.** *Трудот има научно и стручно значење.*

1.1.2. **Објавени трудови во целост од други интердисциплинарни области:**

24. Mladenovski, Marko and Popovska, Mirjana and Aleksovska, Dushica and Petrovski, Mihajlo and Bexheti Zendeli, Lindita and Spasovski, Spiro and Gjorgovska Spasovska, Ana and **Toneva Stojmenova, Verica** (2022) *The role and the function of cannabis oil (KANOIL) in the treatment of pain in oral mucositis.* Apolonia - Journal of dentistry, 24 (48-49). pp. 47-59. ISSN 1857-6087

**Евалуација на трудот: Целта на студијата била да се воочи дали KANOIL влијае врз болката кај пациенти кои се на радиотерапија поради малигни болести на глава и врат. Вкупно 25 пациенти биле третирани со 7 % канабис масло. Преку VAS скалата се детектирала болката. По 10 дена и 1 месец употреба на маслото, воочиле дека интензитетот на болката полека опаѓа. Со употребата на ова масло се подобрило цвакањето, голтањето, говорењето и квалитетот на живот.** *Трудот има научно и стручно значење.*

25. Arsovski, Ljupka and Rogoleva Gjurovski, Sonja and **Toneva Stojmenova, Verica** (2023) *Psysiodispenser and its use in dental medicine.* Second International Conference - ETIMA 2023 - Conference proceedings. pp. 149-152. ISSN ISBN: 978-608-277-040-6

**Евалуација на трудот: Авторите преку ревијален преглед ја прикажуваат важноста на физиодиспензерот во денталната медицина. Тој како инструмент овозможувал подготовка на коскеното место за подоцна да може да се постави имплантот на него. Физиодиспензерот преку користењето на брзи ротациони движења и нежни осцилации го прецизирал точно местото каде што подоцна ќе се постави имплант.** *Трудот има научно и стручно значење.*

26. Rogoleva Gjurovski, Sonja and **Toneva Stojmenova, Verica** and Arsovski, Ljupka and Kukuseva, Maja and Atanasova, Sandra and Petrovski, Mihajlo (2023) *Principles and applications of oral ElectroSurgery.* Second International Conference ETIMA 2023 - Conference proceedings. pp. 93-99. ISSN 978-608-277-040-6

**Евалуација на трудот: Авторите потенцираат дека електрохирургијата е особено добра при менаџирањето на меко ткиво. Тие воочиле дека откако ќе се разбере начинот на дејство на електрохиругијата, ќе дојде со олеснување на работата. Начинот**

**на дејство бил преку испорака на топлинска енергија во форма на наизменична струја. Исто така, дејствувала преку високофреквентни радиобранови врз мекото ткиво, со што правела видлив клинички ефект, како на пример: сечење, сечење и коагулација итн.** *Трудот има научно и стручно значење.*

27. Arsovski, Ljupka and Petrovski, Mihajlo and Terzieva-Petrovska, Olivera and **Toneva Stojmenova, Verica** and Rogoleva Gjurovski, Sonja (2023) *Денталните ласери - предизвик на современата стоматологија.* Second International Conference - ETIMA 2023 - Conference Proceedings. pp. 110-117. ISSN ISBN:978-608-277-040-6

**Евалуација на трудот: Во овој труд авторите ја потенцираат огромната имплементација на денталните ласери во современата стоматолошка пракса.** Особено ја потенцираат нивната употреба при пародонталните заболувања понатаму при отстранувањето на каризоните лезии естетската стоматологија, како што е белеење на заби, но исто така и при изведување на биопсија и процедури на меките орални ткива. Денес особено значајна примена имала и при намалувањето на болка и непријатност кај пациентот, крварењето како и при скратување на времето за заздравување на настанатите рани. Во денешницата, ласерите биле замена на конзервативниот начин на работа. *Трудот има научно и стручно значење.*

28. Rogoleva Gjurovski, Sonja and Naskova, Sanja and **Toneva Stojmenova, Verica** and Arsovski, Ljupka and Atanasova, Sandra (2023) *Transcutaneous electrical nerve stimulation method in patients with xerostomia.* Balkan Journal of Applied Mathematics and Informatics (BJAMI), 6 (2). pp. 179-186. ISSN 2545-4803

**Евалуација на трудот: Преку наративен преглед на 23 статии, авторите направиле евалуација на влијанието на транскутаната електрична нервна стимулација врз сувата уста и протокот на плунка кај пациентите. По спроведеното научно истражување, авторите констатирале дека овој тип на стимулација т.е. транскутана електрична нервна стимулација, значајно придонесува во зголемувањето на приток на плунка особено кај пациентите кои се дијабетичари.** *Трудот има научно и стручно значење.*

**8. Пленарно предавање на научен собир**

- Toneva Stojmenova, Verica (2021) *Антибиотска само-медикација кај стоматолошките пациенти.* In: 10. симпозиум со меѓународно учество: Инфекции во секојдневната стоматолошка пракса - новини во дијагностиката, третманот и превенцијата, 20 ноември 2021 г., онлајн, Microsoft Teams https://eprints.ugd.edu.mk/29319/

**9. Учество на научен собир со реферат (постер/усно)**

**9.1. Од областа**

**9.1.1. Постер-презентации:**

1. **Toneva Stojmenova, Verica** and Churkoska, Daniela and Kovacevska, Ivona and Foteva, Katerina (2014) *Директна реставрација на централни максиларни ицизиви: приказ на случај.* In: 21. Меѓународен научен студентски конгрес, 9-11 мај 2014, Охрид, Р.Македонија.

2. Dimova, Cena and Kusevska, Marija and Jovanovska, Daniela and Cenova, Monika and Maksimovska, Kristina and Eftimova, Cveta and **Toneva Stojmenova, Verica** (2014) *Observation assessment in clinical dental subjects.* In: Regional Higher Education Conference Quality of Assessment, Qualification and Evaluation in Higher Education, 20 June 2014, Tetovo, Macedonia.

3. Kocovski, Darko and **Toneva Stojmenova, Verica** and Dimova, Cena and Zlatanovska, Katerina and Naskova, Sanja (2016) *Oral Hygiene Level Maintenance of Dental Medicine Students.* In: Conference on Food Quality and Safety, Health and Nutrition - NUTRICON 2016, 1-2 Dec 2016, Skopje, Macedonia.

4. Coneva, Simona and Spasova, Ivana and Toneva Nikolova, Aleksandra and **Toneva Stojmenova, Verica** and Atanasova, Sandra and Kocovski, Darko (2017) *Gastroesophageal reflux and dental consequences.* In: First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip, Macedonia.

5. Proseva, Ljubica and Atanasova, Sandra and **Toneva Stojmenova, Verica** and Kocovski, Darko and Arsovski, Ljupka (2017) *Clinical examinations of direct restorations in dental medicine students.* In: First International Symposium for Traditional Chinese Medicine, 06 Dec 2017, Stip, Macedonia.

6. Longurova, Natasa and Kovacevska, Ivona and Denkov, Nikola and Zlatanovska, Katerina and **Toneva Stojmenova, Verica** (2017) *Дентални карektеристики кај булимични пациенти.* In: Knowledge in Practice, 12-14 Dec 2017, Bansko, Bulgaria.

7. Kovacevska, Ivona and **Toneva Stojmenova, Verica** and Toneva Nikolova, Aleksandra and Atanasova, Sandra and Kocovski, Darko (2017) *Орално-хигиенска грижа за пациенти со гастроинтестинални заболувања.* In: Knowledge - International Journal Scientific and applicative papers Vol 20.4, 15-17 Dec 2017, Bansko, Bulgaria.

8. **Toneva Stojmenova, Verica** and Naskova, Sanja and Atanasova, Sandra and Toneva Nikolova, Aleksandra (2018) *Предности во оралната средина од конзумација на Витамин С.* In: Knowledge - International Journal Vrnjacka Banja.

9. Gorgieva, Natalija and Angova, Lidija and **Toneva Stojmenova, Verica** and Atanasova, Sandra (2018) *The most common reasons for toothache.* In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.

10. Longurova, Natasa and **Toneva Stojmenova, Verica** and Georgieva, Zorka and Talevska, Sara (2018) *Use of the teeth whitening procedure by dental medicine students.* In: First International Students Congress in Dental Medicine - 2018, 28-29 March 2018, Stip, Macedonia.

11. **Toneva Stojmenova, Verica** and Kovacevska, Ivona and Longurova, Natasa and Atanasova, Sandra and Kocovski, Darko (2019) *The most common reasons for dental check-ups.* In: 24 th BaSS Congress, 9-11 May 2019, Tirana, Albania.

